**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Бр.11-42/8 и 11-870/4
29.10.2020 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 35 став 3 и став 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на Општина Гевгелија го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија - Блок 4, општина Гевгелија, плански период 2018-2028 година и физичките и правните лица од опфатот на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2 општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за организирање на

1. **Повторна Јавна презентација и Јавна анкета за Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија - Блок 4, општина Гевгелија, плански период 2018-2028 година**
2. **Јавна презентација и јавна анкета за Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2 општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година**

Границата на планскиот опфат за Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија - Блок 4, општина Гевгелија, плански период 2018-2028 година е:

На западната страна се движи по осовина на улица Н 6 која минува низ КП 1201, КП 1202, КП1203/1, КП1206/1, КП 1206/2, КП1207/4, КП1207/2, КП1207/5 и КП 1207/6.
На јужната страна се движи по осовина на улица Н 6 која минува низ КП 1207/5 и КП 1207/3.
На источната страна се движи по осовина на улица М 1 (регионален пат 1102).
На северната страна се движи по осовина на улица Н 3, која минува низ КП 1199/2.

Во опфатот на планскиот документ нема постоечки улици.

Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија - Блок 4, општина Гевгелија, плански период 2018-2028 година зафаќа површина од 2,52 ха.

**Повторената јавна презентација** со стручно презентирање на Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија - Блок 4,

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(centrala) ++389 34 216 899(Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211(Kabinet)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t-home.mk
www.gevgelija.gov.mk

општина Гевгелија, плански период 2018-2028 година **ќе се одржи на ден 09.11.2020 година (понеделник) во 11.00 часот во салата на Народниот Театар во Гевгелија.**

Границата на планскиот опфат за Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2 општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година е:

На запад по осовина на улица 27-ми Ноември"
На север по осовина на улица „Новопланирана 1"
На исток по осовина на улица „Новопланирана 5"
На југ по осовина на улица „Новопланирана 8" и пешачка патека.

Во опфатот на планскиот документ нема постоечки улици

Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2 општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година зафаќа површина од 2,94 ха.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2 општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година **ќе се одржи на ден 09.11.2020 година (понеделник) во 12.00 часот во салата на Народниот Театар во Гевгелија.**

Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија - Блок 4, општина Гевгелија, плански период 2018-2028 година и Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2 општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година, ке бидат изложени во просториите на одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија и на web страната на општината.

1. **Повторената јавна анкета за** Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија - Блок 4, општина Гевгелија, плански период 2018-2028 година ќе трае 5 работни дена и тоа **од 09.11.2020 година до 16.11.2020година,**
2. **Јавната анкета за** Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 10.2 општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година ќе трае 10 работни дена и тоа **од 09.11.2020 година до 23.11.2020 година,**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови кои можат да ги подигнат во одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија или преку информацискиот систем е-урбанизам.

Градоначалник на
општина Гевгелија
**м-р Сашо Поцков**